Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението од својата 99-та седница одржано на 30.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-5865/1 од 19.12.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека по предметните наводи од пријавата постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-5865 од 2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-5865/1 од 19.12.2023 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски спроведена јавна набавка по оглас бр. /// од /// година, од страна на АД Водостопанство на РСМ Скопје, окончана со склучување на Рамковна спогодба за јавна набавка на резервни делови за АД Водостопанство на РСМ Скопје бр. /// од /// година со економскиот оператор ///. Како што е наведено во пријавата, подносителот во својство на учесник во јавната набавка како понудувач, не бил избран иако понудил најниска цена, што било основен критериум за избор, а причината за тоа била дека подносителот во текот на постапката за јавната набавка не доставил доказ за поседување гаранција од производителот за три производи. Наведено е дека критериумот "гаранција од производителот" бил тенденциозно вметнат како услов за добивање на тендерот од страна на носителот на јавната набавка, со цел да се обезбеди конкурентска предност на победникот на тендерот. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара податоци, информации и документација од горе означеното АД и од добиените списи произлезе дека по наводите од пријавата на подносителот постапувала Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, во три наврати по поднесени жалби од подносителот. Во Решението на овој орган со бр. /// од /// година, донесено по повод изјавена жалба од подносителот по однос на наводите за поднесувањето гаранција од производителот, стои дека договорниот орган, по претходно спроведена анализа на пазарот, утврдил со сигурност дека, како со бараната гаранција, така и за деливоста на постапката се обезбедувало доследно почитување на

начелото за конкуренција помеѓу економските оператори, а договорниот орган уште повеќе се заштитувал со осигурувањето квалитет на производите. Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, при одлучувањето ги зела предвид и доказите од спроведената претходна анализа на пазарот, врз основа на што го темели нејзиното Решение, со кое жалбата на подносителот била одбиена како неоснована. Дополнително, по повод поднесената жалба од подносителот до истиот овој орган, а по однос на наводите дека на поставените прашања околу гаранцијата на производите, договорниот орган не дал соодветни образложенија, исто така донесено е Решение со бр. /// од /// година, со кое жалбата на подносителот е одбиена како неоснована. Според ова Решение било утврдено дека договорниот орган целосно одговорил на поставените прашања на подносителот, пред јавното отворање на понудите. Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, оценила дека предметните наводи на подносителот, се однесувале на содржината на тендерската документација, за што претходно донела Решение бр. /// од /// година, со кое жалбата на подносителот била одбиена како неоснована. По однос на наводите за незаконски избор на најповолен понудувач, дека како критериум за избор според законските прописи од областа на јавните набавки е најниската цена, Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, по повод поднесена жалба од подносителот, исто така донела Решение со бр. /// од /// година, со кое жалбата на подносителот била одбиена како неоснована. Според ова Решение, било утврдено дека понудата на подносителот била отфрлена поради недоставувањето гаранција за квалитет на одредени производи, а по однос на прашањето дека самиот договорен орган требало да побара објаснување од подносителот за понудата, Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ оценила дека договорниот орган правилно постапил кога не побарал појаснување на понудата од подносителот, затоа што во спротивно би се извршило нејзино дополнување, што не било дозволено во таа фаза од постапката за јавната набавка.

Врз основа на горе наведеното, ДКСК оцени дека по предметните наводи постапил надлежен орган, поради што одлучи постапката за овој случај да ја запре и предметот да го затвори и архивира.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: м-р Д.Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**